Милан СТОЈКОСКИ

# ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА ИНДИВИДУАЛИЗИРАНА НАСТАВА ПО ИСТОРИЈА ВО ХЕТЕРОГЕНА ГРУПА (ПАРАЛЕЛКА)

Според нашите сознанија, индивидуализирана настава по историја во нашите училишта не се применува. Иако во теоријата има обемна литература, не постојат практични прикази како треба да тече целиот процес на учење со нејзина примена, на една или повеќе наставни единици, при што би се давале највисоки позитивни квалификации, поради што е предизвик таа да се применува. Затоа нашата намера е, преку еден практичен пример, да им укажеме на наставниците на постапките во фазата на подготовките и нејзината реализација, од што многу зависат успешната примена и успехот при обработка на нов или повторување стар наставен материјал.

## 1. Разлика меѓу индивидуалната работа и индивидуализирана настава

Пошироката примена на индивидуализацијата е тесно поврзана со индивидуалната-самостојна работа на учениците. Во наставната практика честопати не се прави разлика меѓу индивидуалната работа и индивидуализираната настава. Мешањето на овие две форми на работа во практиката прави пречки, особено на индивидуализираната настава, за дефинирање на средствата и активностите, а со тоа се намалуваат позитивните ефекти од работата. Разграничувањето и дефинирањето на овие два поима и конкретното определување на нивните содржини дава можности за нивно поцелосно користење во практиката. Овде се поставува прашањето во што е разликата на овие две форми на работа?

а. <u>Индивидуална работа</u>

Под индивидуална работа се подразбира настава која се извршува со ученик - поединец, односно колку ученици-толку наставници. Тоа го применувале приватните учители. Подоцна таа се применувала и во класичната (колективната) настава за помош на учениците што заостанувале во знаењата. Треба да напомнеме дека учењето е секогаш индивидуална работа, независно од тоа каква форма ќе биде применета. Заедничката работа не може да го ослободи ученикот од индивидуалниот

напор, од индивидуалната работа и учење, со тоа што формите ги бара самиот ученик и ги применува оние што најдобро му одговараат.

Под индивидуална работа од учениците на часовите се подразбира активност во која, според барањата и под раководство на наставникот, секој ученик самостојно исполнува исти задачи, независно од неговата интелигенција, степенот на разбирањето, способностите, темпото на работа и во согласност со личните можности. Ваквата работа ги има следните особини:

- раководната улога ја има наставникот и
- самостојност на учениците во извршување на задачите.

Индивидуалната работа не го исклучува упатството, помошта и поддршката од наставникот, кои имаат цел ученикот да се оспособи за самостојна работа и учење. Притоа, со индивидуалната работа ученикот не смее да ја изгуби врската со паралелката.

Индивидуалната работа овозможува, но не обезбедува прилагодување на наставата поединечно за секој ученик. Тоа значи дека индивидуалната настава може, но не мора да биде индивидуализирана. Може да се работи индивидуално, а наставата да не биде индивидуализирана, како што се работи најчесто во колективната настава.

б. Индивидуализирана настава

Индивидуализираната настава се организира така што при реализацијата на наставните задачи, се води сметка не само за просекот на ученикот, туку и за неговите индивидуални особености. Така, според нивото на развиеноста и темпото на напредување во учењето се одмеруваат и прилагодуваат барањата и задачите, кои со своите форми и содржини дозволуваат индивидуализирана работа и развивање на можностите на поединецот.

Индивидуализираната настава, според Дотран, “не се состои во тоа сите индивидуално да работат иста работа, туку за секој да се бара посебна работа која му одговара. Единствено се води сметка за степенот на интелегенцијата, способностите, ритамот на работа и др.”

Домашната задача, контролните работи, тестовите на знаења, реферати и други, прилагодени на просекот на учениците, не се компоненти на индивидуализираната настава доколку се исти за сите ученици. Само ако задачите се прилагодени на способностите на секој ученик, тогаш стануваат компоненти на индивидуализираната настава.

## 2. Подготовки за организирање на индивидуализирана настава

Се смета дека индивидуализираната настава или како што уште се нарекува адаптивна настава (затоа што се адаптира на способностите на секој ученик) е најзначајна иновација која влијае на развојот на савреме-

ниот воспитно-образовен систем и која би можела денешната, често еднолична и изедначувачка настава да ја подигне на повисоко ниво. Кога зборуваме за практична примена на индивидуализираната настава и нејзините компоненти, никако не мислиме дека таа ќе ги исклучи другите форми на работа. Напротив. Нејзината практична примена покажа дека во текот на работата се наложи како неопходност паралелно да се применат и други форми на работа (во нашиов случај фронталната форма). Таа не може да егзистира сама за себе, туку компаративно и во единство со другите форми. Со тоа се потврди фактот дека целосна индивидуализирана настава не само што не е можна, туку би била и штетна, затоа што би водела кон индивидуализам. Тоа е непријател, не само на задачата, туку го разгранува личниот напредок, усовршувањето на поединецот. Индивидуализираната настава е дополнување на сите други форми за работа. Таа е збир од сите форми и ја дополнува секоја од нив.

Во случајов, направивме обид во организационата поставеност и услови во кои работат нашите училишта, со исти програми, исти учебници и друга помошна литература, со расположливите наставни и нагледни средства, со многуброен и хетероген состав на учениците во паралелките, да реализираме една нова наставна содржина во VII одд. и нејзино утврдување со примена на индивидуализирана настава.

За да може наставникот практично да примени индивидуализирана настава, задолжително треба пред тоа да се подготви самиот, а потоа треба да ги подготви и учениците.

## 3. Подготовки на наставникот

а. Глобални подготовки

Уште при глобалните подготовки на годишниот план за реализација на наставниот материјал, наставникот треба да изврши избор на наставните содржини при кои ќе примени индивидуализирана настава и за нив да ги конкретизира работните задачи.

б. Оспособување на учениците за самостојна работа

Наставникот во секојдневната работа, при реализација на наставиот материјал, особено при примената на индивидуализирана настава, е должен да ги оспособи учениците за самостојна работа во училиштето и дома.

в. Обезбедување просторни услови

Еден од условите за успешна реализација на наставиот материјал со примена на индивидуализирана настава е просторот. Тој може да биде и прилагодена училница. Но, најпогоден е кабинет по историја каде што е

сместено сè што им е потребно на учениците за учење, како: учебници и друга помошна литература, наставни и нагледни средства, наставни ливчиња со прашања (во натамошниот текст ние ќе го употребуваме терминот картончиња) и др.

г. Познавање на интелигенцијата-индивидуалните разлики и интересите на секој ученик

За да ја осознае интелигенцијата на секој ученик, наставникот со зголемено внимание ги набљудува учениците, ги следи нивните реакции, ги забележува нивните способности за учење, нивните сфаќања на фактите, особено поапстрактните, нивните мисловни можности при решавањето на проблемските ситуации, можностите за помнење и темпото на учење. Ги проучува индивидуалните разлики и интересите на секој ученик за да ги открие нивните способности и да ги земе предвид во процесот на наставната работа. За таа цел, наставникот може да побара помош од педагошко-психолошката служба во училиштето.

д. Познавање на социјалната состојба

За да може наставникот реално да ги процени можностите на секој ученик поединечно, за полно ангажирање на неговите способности, од една страна, а од друга, за целосно да ги процени неговите можности за нормален развиток, нужно е да ја познава неговата социјална и станбена состојба. Без познавање на овие елементи тешко ќе може да донесе реални проценки.

ѓ. Знаењата на учениците

За практична примена на индивидуализирана настава, поради хетерогениот состав на учениците во паралелката, нужно е наставникот детално да ги познава знаењата што учениците ги имаат од предметот историја или неговите целини на кои се применува таа.

Пред реализацијата на наставниот час (часови) на кој ќе се обработува нова наставна содржина со примена на индивидуализирана настава, наставникот мора претходно да изврши две целосни подготовки и тоа:

- точно да утврди со какви предзнаења од историја располагаат учениците во врска со новото градиво кое ќе се обработува и

- да утврди, со какви предзнаења располагаат учениците од другите предмети, како од: географија, литература и др., заради корелација со содржините кои ќе се обработуваат од новата (новите) наставна единица.

До такви сознанија наставникот може да дојде преку усно испитување со примена на фронтална форма, решавање контролни задачи или тестови на знаења. На таков начин ќе дојде до сознанија со какви и колкави предзнаења располагаат учениците, кои се логично и тесно поврзани

со материјалот што ќе се изучува. Со тоа, фактички, наставникот извршил подготовки и за воведниот дел на часот за обработка на новиот наставен материјал.

е. Техника за водење текот на часот

За успешна реализација на учењето со помош на индивидуализирана настава наставникот мора да разработи техника за нејзина практична примена, да изготви концепција за артикулација на часот.

ж. Подготовка на картончиња

За практична примена на индивидуализираната настава картончињата се важен елемент без кои таа не може да се реализира. Затоа, откако наставникот ќе ги изврши наведените подготовки, пристапува кон подготовка на картончињата. Од тоа пак, како се прашањата составени и прилепени на картончињата зависи успехот на работата.

Наставните картончиња со прашањата ги изготвува самиот наставник, многу порано пред нивната примена, а ги применува на часот при обработката или утврдувањето на наставната содржина.

Димензиите на картончињата може да бидат различни. Ние применивме картончиња со димензии 13 х 10 см. Тие се изготвуваат од тврд картон и на нив се лепат ливчињата со прашањата (ливчињата може да бидат и во боја). Со внимателно користење, картончињата може да се употребат и во следната или следните години, а прашањата може да се обновуваат и наставните ливчиња да се лепат на соодветното картонче.

На предната страна на картончето се наведуваат основните генералии со прашањето, а на задната се дава одговорот. (Види ги картончињата на стр. 118-119) Со тоа, откако ученикот ќе одговори на прашањето писмено во тетратката, проверува дали одговорот му е точен. Но, за да се избегне љубопитноста на ученикот, во случај да не го знае точниот одговор на поставеното прашање и да го погледне дадениот одговор пред да одговори, може одговорите да се дадат на други картончиња. Практиката покажа дека е подобро одговорите да се дадат на други картончиња. Во тој случај ќе мора ученикот поопстојно да размисли, да го напише одговорот, а потоа да ја провери точноста.

Картончињата може да содржат прашања само од една наставна единица, како што беше во нашиот случај. Прашањата треба да се изготвуваат за секоја наставна единица, за една целина од една тема, на пример за илинденскиот период во VII одд., за една или повеќе теми или целиот материјал во едно одделение. Тогаш добиваме соодветни прашања. Прашањата се редат по теми, наставни единици и сложеност (I-ва група наједноставни, II-ра група посложени и III-та група прашања

што бараат најсложени одговори и дополнителни прашања за учениците со посебни склоности кон историјата), како што беше во нашиот случај. Најдобро е едно картонче да содржи едно прашање на кое ќе се бара еден одговор. Прашањата треба да бидат јасни, да не се сугестивни, да не се двосмислени, да не се долги, а учениците да ги наведуваат на размислување. Тие може да бидат од материјалот на учебникот, од текст, од легенда, анализа на слика или карта и сл. Така учениците ќе ги воведеме во задачата и ќе се предизвика интерес.

Наставни картончиња мора да има најмалку толку колку што има ученици во паралелката. Но, ако изготвуваме прашања за повеќе наставни единици, на целина, на една или повеќе теми, тогаш ќе имаме повеќе прашања по тежински нивоа во секоја група. Учениците ги земаат картончињата почнувајќи од полесните (I-та група) од картонските кутии, одговараат на прашањата, ја проверуваат точноста на своите одговори и ги враќаат на своите места.

Бидејќи во картончињата ги поставуваме прашањата и ги упатуваме учениците на користење литература и нагледни средства, тоа само по себе претставува елемент и мотив за нивно активирање. Но, и покрај тоа учениците треба да се поттикнуваат на активност, при што треба да им се помогне да го издвојуваат важното од неважното и да го почувствуваат задоволството од сопствената работа и успешноста на позитивните одговори на поставените прашања. Во нашиов случај на учениците им поставивме 36 прашања во три тежински нивоа (групи) од кои во I-та 16, во II-та 11 и во III-та група 9 прашања и дополнителни 4 прашања, или вкупно им поставивме 40 прашања со дадени одговори.

Самото изготвување на картончињата бара поголемо ангажирање од наставниците, особено одредувањето на тежината, па и самата конструкција, но нив може да ги подготви секој наставник. Доброто познавање на предметот историја и методско-дидактичките барања на наставникот многу ќе му ја олеснат работата во изготвувањето на прашањата и картончињата.

Изглед на применетите картончиња:

| Предна страна 13 см. | | Задна страна 13 см. |
|---|---|---|
| **Одделение** VII<br>Тема III<br>Наставна единица 11<br>Група прашања 1<br>Прашање бр.1<br>Во кој округ бил постигнат најголем успех за време на Илинденското востание?<br>**Литература**:<br>Учебник по историја за VII одделение, стр.104 | 10 см. | Прашање бр.1<br>Одговор:<br>За време на Илинденското востание најголем успех бил постигнат во Битолскиот револуционерен округ. |

Картотека на прашања и одговори за VII одделени

| | | | |
|---|---|---|---|
| VII одд.<br>I-ва група<br>прашања | VII одд.<br>II-ра група<br>прашања | VII одд.<br>III-та група<br>прашања | VII одд.<br>Дополнителни<br>прашања |

## 4. Подготовки на учениците

За да можат учениците успешно да одговорат на задачата што ги очекува со примената на индивидуализираната настава треба навремено да се подготват. Тие подготовки учениците ги вршат со помош на наставникот преку следните постапки:

а. Со колкави и какви знаења располагаат од предметот

Од претходно утврдениот научен наставен материјал по историја, учениците треба да дојдат до сознанија колку и како го владеат материјалот што претходно го учеле, за да можат настаните да ги доведат во каузална поврзаност и да ги сфатат причинско-последичните врски со новиот материјал што треба да го учат со примена на индивидуализирана настава.

б. Со колкави и какви знаења располагаат од другите предмети

Со претходното утврдување на учениот наставен материјал, учениците треба да дојдат до сознанија со колку и какви предзнаења располагаат од другите наставни предмети (литература, географија, археологија и др.) во врска со содржината по историја која треба да ја обработат со примена на индивидуализирана настава заради корелација.

Доколку наставникот констатира дека учениците имаат недостатоци, односно учениците немаат доволно знаења во врска со новата содржина од историја, тогаш им препорачува кој материјал да го повторат од учебникот, историската читанка или од користена литература, посветува час за повторување на овој дел од наставиот материјал без што не ќе може да се обработи новото, притоа водејќи сметка дека сите ученици во паралелката, поради хетерогениот состав, не ќе можат да имаат еднакви знаења. Откако ќе констатира дека имаат доволно знаења, според нивните индивидуални можности, преминува на следната фаза.

в. Обезбедување извори на информации

Во врска со планираниот нов наставен материјал за обработка преку индивидуализирана настава, за да можат учениците да одговорат на поставените барања, најмалку 5 до 10 дена ги упатуваме на насловот на

новата наставна единица, им препорачуваме да се снабдат или самиот наставник ги снабдува со неопходната литература, документација, наставни и нагледни средства.

Во нашиот случај за планираната наставна единица "Крушевска република" се користеа: учебникот по историја за VII одд., историската читанка за VII одд. Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел, III издание од Љубен Лапе, Зборник на документи за историјата на македонскиот народ, речник, историски албум, карта, слики, а тие што го гледале, ги упативме да се потсетат на филмот "Републиката во пламен". Притоа, ги упативме учениците да се запознаат со содржината на наставната единица, ги упативме дека таа содржина ќе ја обработуваат и учат индивидуално т.е секој сам ќе работи, учи и ќе ги проверува своите знаења преку прашања поставени во картончињата.

## 5. Реализација на наставната единица

Во нашиот случај применивме делумна индивидуализација, затоа што сите ученици учеа иста содржина од наставната единица "Крушевска република". Прашањата на учениците беа поделени на три тежински нивоа од истата содржина и секој ученик работеше со свое темпо и според своите можности. Немавме целосно индивидуализирана настава, зашто немавме диференцирани содржини за истата наставна единица според способностите на учениците, за секој ученик одредена содржина и прашања според неговите можности.

Времетраењето на часот беше 40 минути, како и другата настава.

Простор: класична училница.

а. <u>Артикулација и тек на часот</u>

При примена на индивидуализирана настава часот ги задржува трите основни фази: вовед, главен дел и завршен дел.

б. <u>Воведен дел на часот</u>

Во воведниот дел на часот на учениците им беа поставени четири прашања за тоа која била целта на Македонската револуционерна организација и кои територии биле ослободени за време на Илинденското востание? По добиените одговори им беа покажани четири слајдови од дијафилм со кратки појаснувања во врска со новата наставна единица, а потоа ја истакнавме целта на часот и насловот на новата наставна единица го забележавме на таблата:

**КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА**

Потоа учениците ги упативме на самостојна работа.

Денеска ќе работите сами.

За што подобро да го научите и запамтите тоа што ќе го учите, придржувајте се за следниве постапки:

- внимателно читајте го текстот, а користете сѐ што ви е препорачано и друго со што располагате;
- кога секој од вас ќе смета дека ја научил содржината обидете се сами да се проверите колку сте научиле. За тоа користете ги прашањата од картончињата. Почнете со полесните прашања од I-та група, а потоа одете на II-та, на III-та и најпосле на дополнителните прашања. Откако одговорите ќе ги напишете во тетратките, проверете ја точноста на вашите одговори со одговорите дадени на другата страна на картончињата;
- ако нешто не ви е јасно, прочитајте го повторно прашањето на наведената страна;
- ако нешто не ви е јасно во текстот прашајте го наставникот со кревање рака за да не им пречите на другите;
- учете самостојно;
- времето за учење не ви е ограничено, можете да учите цел час.

Ве потсетувам дека откако ќе го завршите учењето ќе бидете испрашани, затоа трудете се да научите што повеќе, на прашањата да одговорите што подобро и да постигнете што подобри резултати.

Во работата ви посакувам најдобар успех.

Потоа учениците почнаа самостојна работа.

в. <u>Главен дел на часот</u>

Во главниот дел на часот учениците самостојно ја учеа содржината на новата наставна единица. На поставените прашања за нејасни поими како: ресор и ров, поединечно им ги објаснувавме на ученици што ги поставија. Учениците што почнаа да одговараат на прашањата од картончињата, а не можеа целосно да одговорат, ги упатувавме повторно да го прочитаат текстот според наведената страна во прашањето. Водевме белешки по колку минути и колку ученици почнаа да одговараат, односно да се проверуваат колку и како го совладале материјалот. Проверуваме дали одговарале целосно на поставените прашања.

г. <u>Завршен дел на часот</u>

При примена на индивидуализираната настава класичната форма на завршниот дел на часот се губи, затоа што учениците работат со различно темпо и не можат сите да научат и да одговорат на прашањата во текот на часот. Затоа на следниот час, кој е планиран за повторување и утврдување на содржината на новата наставна единица, во првиот дел учениците го продолжија одговорањето на поставените прашања, а во вториот дел преку фронтална форма проверивме колку и како го

совладале материјалот. За поцелосно согледување како учениците го научиле материјалот, ги собравме од учениците тетратките со одговорите и дома ги провеливме, а резултатите изразени во бодови им ги соопштивме и им ги вративме тетратките.

На учениците што имаа нецелосни одговори им посочивме кој дел од наставната содржина уште еднаш да го повторат и целосно да го научат, притоа водејќи сметка за нивните можности.

Наместо план на содржината од новата наставна единица, учениците ќе ги користат одговорите на прашањата. Но, поради глобална систематизација на содржината, им препорачавме секој ученик сам да си направи план.

д. Домашна работа

На крајот на часот за домашна работа на учениците им дадовме да го продолжат учењето на содржината од новата наставна единица. Потоа, ги упативме дека следниот час ќе го продолжат одговорањето на прашањата, а откако ќе завршат, ќе ги испрашаме за да се види како ја научиле лекцијата.

Поради ограничениот простор, овде ќе наведеме само дел од поставените прашања за новата наставна единица по групи и тежински нивоа.

I-*ва група (наједноставни прашања)*

| *Прашања*: | *Одговори:* |
|---|---|
| 1. Кој бил началник на Горското началство во Крушевскиот револуционерен реон? | Началник на Горското началство на Крушевскиот револуционерен реон бил војводата Никола Карев. |
| 2. Кога (ден, месец и година) востаниците нападнале и го ослободиле Крушево со што почнало Илинденското востание? | Востаниците го нападнале и го ослободиле Крушево ноќта на 2 спроти 3 август 1903 година, со што почнало Илинденското востание. |
| 3. Што презеле востаниците за да ги прекинат врските на Крушево со другите градови? | Востаниците, пред да ги почнат своите оружени акции, за да ги прекинат врските со другите градови ги исекле телефонските жици. |

II-*ра група (посложени прашања)*

| | |
|---|---|
| 1. Кој го извршил изборот на органите на власта на Крушевската република? | За избор на органите на власта на Крушевската република било свикано Собрание на истакнати граѓани и тоа го извршило изборот на органите. |

2. Зошто велиме дека во Крушево била избрана републиканска власт?

Во Крушево била избрана републиканска власт зашто органите на власта и претседателот на Републиката биле избрани од Собранието, а на чело на Републиката не стоел наследен монарх (крал или цар).

3. Која била целта на Манифестот испратен од Крушевската република до населението од околните села?

Целта на Манифестот била да го убеди муслиманското население дека востанието не било кренато против нив, мирното муслиманско население, туку против жестоката експлоатација и неподносливата тиранија на османската власт, а за добивање слобода и човечки права.

*III-та група (најсложени прашања)*

1. Кој бил највисок орган на Крушевската република и кои ресори ги имала организирано Привремената извршна влада?

Највисок орган на Републиката бил Советот на републиката, а Привремената извршна власт ги имала организирано: судството, реквизицијата, финансиите, внатрешните работи, прехраната и санитетот.

2. Како реагирала османската власт на успешните акции од востаниците?

Османската власт во почетокот била изненадена и вознемирена. Не се надевала дека македонскиот народ е во состојба во моментот да крене помасовно ослободително востание кое се проширило во цела Македонија. Бидејќи во тоа време Македонија била важна провинција, имала концентрирано голем број османска војска. Потоа презела сурови офанзивни акции за задушување на востанието.

3. Кои биле причините за неуспехот на Илинденското востание?

Причини за неуспехот на Илинденското востание биле;

- народот не бил доволно подготвен:
- востанието било кренато предвреме;
- мешањето на соседните држави во востанието;
- големите сили и балканските држави настојувале да не се менува положбата зашто не биле подготвени за војна.

*Дополнителни прашања*

| | |
|---|---|
| 1. Раскажи поопширно што знаеш за претседателот на Крушевската република. | Одговор според текстот на брошурата Никола Карев од д-р Орде Ивановски, издадена од РТВ-Скопје,1968 год. од едицијата "Светлини на минатото". |
| 2. Раскажи поопширно што знаеш за ослободувањето на Клисура и Невеска од костурските чети. | Одговор според текстот од Историската читанка за VII одделение, стр. 77-78 и "Одбрани текстови..." од Љубен Лапе, стр. 509-518. |

Се разбира, учениците во своите одговори треба да ја дадат суштината на прашањето со свои зборови.

## Заклучоци

При анализата на добиените резултати од учениците по практичната примена на индивидуализиранаата настава на наставната единица "Крушевска република" за учење нов наставен материјал и утврдување на стекнатите знаења, ги добивме следните сознанија:

1. Индивидуализиранаата настава може да се примени при обработката на нов наставен материјал од една наставна единица, но многу попрактично е ако се примени на една содржинска целина или на една тематска целина, зашто тогаш учениците сукцесивно самостојно учат и целосно доаѓаат до израз индивидуалните способности.

2. При обработката на содржината од една наставна единица, бидејќи учениците однапред беа известени и упатени, поголемиот број од нив солидно се подготвиле, го учеле материјалот, така што, по 15 минути потсетување почнаа да одговараат на поставените прашања. На еден помал број ученици им беше потребно подолго време (22-27 минути) за да го научат материјалот, а потоа почнаа да одговараат на прашањата. На 11 ученици, од трите паралелки им беше потребно целото време од часот за да го научат материјалот. Тие не почнаа да одговараат на тој час, туку на следниот, кој беше планиран за повторување. Во текот на самостојното учење 5 ученици од трите паралелки бараа помош и дообјаснување на термините - ресор и ров. Тие ученици не користеле речник, иако им беше препорачано.

Во текот на учењето на содржината на наставната единица, хетерогеноста на учениците од групите (паралелките) дојде до целосен израз.

3. Учењето нов наставен материјал со примена на индивидуализирана настава повеќе им одговара на подобрите ученици, а послабите имаа

тешкотии сами целосно да ја сфатат суштината на содржината од текстот и да ја научат. Причина за тоа беше тоа што сите ученици учеа иста содржина, учениците немаа диференцирани содржини според тежината кои би одговарале на нивните можности. Освен тоа, големо влијание имаше и фактот што немаа навика за самостојно учење и што првпат се среќаваа со ваква форма на работа.

4. Многу поголема активност учениците покажаа на вториот час, планиран за утврдување, откако беа упатени уште еднаш да го проучат материјалот. На тој час сите ученици се вклучија во одговори на поставените прашања, односно самостојно се проверуваа колку и како го научиле наставниот материјал. Но, и на тој час 7 ученици при одговорите на прашањата имаа потреба, за да одговорат, да проверат во препорачаната литература.

5. При обработката на добиените одговори на поставените прашања се констатира дека дел од учениците не можат целосно да дадат точни одговори. Карактеристична е појавата што нецелосни одговори даваат и дел од подобрите ученици. Констатација е дека учениците немаат стекнато навики за самостојно учење и навики да ги издвојуваат важните елементи од настаните. Длабоко се всадени навиките наставникот да ги интерпретира настаните и да им поставува прашања, да ги води. Тоа нè наведува на потребата наставникот да посвети целосно внимание и да им всади навики на учениците самостојно да учат и да ги издвојуваат важните елементи од наративниот текст во учебникот и другата литература.

6. Учениците немаат навики да учат за да научат и да стекнат знење, туку учат за да одговараат на прашањата на наставникот.

7. Иако најголем број ученици се придржуваа за упатството ако не го знаат одговорот на прашањата, повторно да прочитаат на посочената страна на прашањето, помал број од нив, кои не беа сигурни во одговорите или не ги знаеја, прво ги погледнуваа одговорите, а потоа одговараа. Затоа, барем на почетокот додека учениците да стекнат навики, подобро е одговорите да бидат дадени на посебни картончиња.

Ваквиот однос на учениците наведува на заклучокот дека треба да се менува сфаќањето на учениците, треба да учат за да научат, да знаат, а не за да одговараат на прашањата на наставникот.

8. Иако за обработка на новиот наставен материјал може да се примени индивидуализираната настава на една наставна содржина, на една целина или тема, има тешкотии во смисла на:

- времето од 40 минути, колку што трае часот во нашите училишта, е кратко и не е можно учениците да ја научат содржината и да одговараат на поставените прашања. Затоа, потребно е часот да трае околу 60 минути, односно времетраењето да е флексибилно според потребите;

- бројот на учениците во паралелката треба да биде до 20, а не повеќе, како што е случај во нашите училишта;

- просторот за изведување на наставата најпогодно е да биде во кабинет, каде што ќе бидат обезбедени за секој ученик: учебници, друга помошна литература, нагледни и наставни средства, затоа што не е можно постојано сето тоа да се пренесува од една во друга класична училница.

9. Практиката при обработка на нов наставен материјал покажа дека индивидуализирана настава може да се примени (наведената наставна единица беше реализирана во 3 паралелки), но е многу попогодно да се применува на учен наставен материјал, независно од формите на работа при обработката, независно од тоа што ќе се повторува: целосно учена содржина (содржини) или прашањата ќе содржат само поими, години, имиња, домашна работа, дополнителна настава, зашто учениците сами ќе можат да учат, да се проверуваат колку и како научиле и, ако имаат пропусти и празнини во знаењата, да се навратат на содржината во учебникот и другата литература повторно да ја прочитаат. Наставникот треба само да ги изготви прашањата, да ги нареди во картотеката по тежински групи, учениците да ги користат, а наставникот да им помага во секој поглед.

ЛИТЕРАТУРА


1. Анатоли Дамјановски, Индивидуализација на наставата, “Просветно дело”, Скопје, 1993.

2. Сп. “Настава и васпитање”, бр. 4, Београд, 1972.

3. Милорад Крстически, Одбрани педагошки статии, “Просветно дело”, Скопје, 1974.

4. Ѓорѓи Танкокоски, Индивидуализирана настава, “Историја”, Скопје 1979/2.

5. Иван Маневски, Прилог кон прашањето за групната и индивидуализираната настава, “Историја”, Скопје, 1976/1-2.

6. Александар Трајановски, Учебник за VII одделение, “Просветно дело”-Скопје, 1996, 124.

7. Александар Трајановски, Историска читанка за VII одделение, “Просветно дело”-Скопје, 1995, 112.

8. Александар Трајановски, Работни листови по историја за VII одделение, “Просветно дело”-Скопје, 1995, 52.

9. Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел, III-то издание, Скопје, 19.

10. Зборник документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Т. I, Скопје, 1981, 397, 401-403.

11. Орде Ивановски, Никола Карев, РТВ-Скопје, 1968, (од едицијата "Светлини на минатото").

12. Педагошки речник, 1, Београд, 1967.

13. Речник на македонскиот јазик, III, Скопје, 1966.